**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

| | | |
|---|---|---|
| | Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година | Предмет бр.: ИТ-04-82- А<br>Датум: 11. ноември 2008<br>Оригинал: англиски |

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МЕЃУНАРОДНИОТ СУД

Пред: Судија Фаусто Покар, Претседател

Секретар: г. Ханс Холтхуис

Датум на решение: 11. ноември 2008

**ОБВИНИТЕЛОТ**

**против**

**Љубе БОШКОВСКИ**
**Јохан ТАРЧУЛОВСКИ**

*ЈАВНО*

# РЕШЕНИЕ ЗА ЗАМЕНА НА СУДИЈА ВО ПРЕДМЕТ ПОДНЕСЕН ПРЕД ЖАЛБЕНИОТ СОВЕТ

**Застапник на Канцеларијата на обвинителот:**
Г-дин Пол Роџерс

**Застапник на Љубе Бошкоски :**
Г-ѓа Едина Решидовиќ и г-дин. Генаил Метро

**Застапник на Јохан Тарчуловски :**
Г-дин Алан М. Дершовиц, г-дин Натан З. Дершовиц, г-дин Антонио Апостолски, г-дин Јордан Апостолски

**ЈАС, ФАУСТО ПОКАР**, Претседател на Меѓународниот суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 (понатаму во текстот: Меѓународен суд);

**ПОВИКУВАЈЌИ СЕ** на "Решението за назначување судии во предмет поднесен пред жалбениот совет и назначување Преджалбен судија" издадено на 30. јули 2008;

**ИМАЈЌИ ГИ ПРЕДВИД** член 12 (3) и 14 (3) од Статутот на Меѓународниот суд и правило 107 од Правилникот за постапка и докази на Меѓународниот суд;

**ИМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД** составот на Жалбениот совет на Меѓународниот суд како што е наведено во документот ИТ/245 од 12. мај 2006;

**СО ОГЛЕД НА** тоа дека предметот се наоѓа во преджалбена постапка и дека до сега не е оддржана ниту една расправа по овој предмет;

**ИМАЈЌИ ГИ ПРЕДВИД** потребите на Меѓународниот суд за организирање на жалбени постапки;

**ГО НАЗНАЧУВАМ** судија Мехмет Гунеј како моја замена во овој предмет и

**НАРЕДУВАМ,** а наредбата стапува веднаш во сила, Жалбениот совет во предметот бр. ИТ-04-82-А, *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, да се состои од долунаведените судии:

Судија Мохамед Шахабудин
Судија Мехмет Гунеј
Судија Лиу Дакун
Судија Андресиа Ваз
Судија Теодор Мерон

Составено на англиски и на француски, при што англискиот текст е меродавен.

/своерачен потпис/
Судија Фаусто Покар
Претседател

На ден, 11. ноември, 2008 година
Во Хаг,
Холандија.

**/печат на Меѓународниот суд/**